Врз основа на член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл.весник на РМ. Бр.88/010), а по предлог од Катерите на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, објавува:

# КОНКУРС

**За прием на кандидати за специјализација од одделни гранки на медицината во 2010 год.**

Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, за 2010 година, ќе врши прием на кандидати за приватна специјализација од одделни гранки на медицината и тоа:

– Интерна медицина..........................................20 места
– Неврологија.......................................................5 "
– Психијатрија......................................................10 "
– Медицинска биохемија....................................5 "
– Анестезиологија со интензивно лекување..........................................8 "
– Педијатрија.......................................................10 "
– Епидемиологија.................................................10 "
– Микробиологија..................................................3 "
– Спортска медицина...........................................3 "
– Клиничка фармакологија..................................1 "
– Физикална медицина и рехабилитација............1 "
– Медицина на труд...............................................5 "
– Дерматовенерологија.........................................2 "
– Медицинска психологија....................................5 "
– Ортопедија...........................................................3 "
– Радиотерапија......................................................10 "
– Ургентна медицина.............................................4 "
– Офталмологија.....................................................2 "
– Нуклеарна медицина...........................................1 "
– Оториноларингологија........................................5 "

Кандидатите за прием на специјализација можат да конкурираат во рок од 8 дена од објавувањето на конкурсот.

Пријавите за конкурсот се доставуваат до стручната служба на Медицинскиот факултет во Скопје, во согласност со одредбите на Законот за здравствена заштита и Правилникот за поблиски, услови за упис на специјализација, со следните документи:

– Диплома и уверение со оценки за завршен Медицински факултет (нотаризирани);
– Уверение за положен стручен испит и основна лиценца (нотаризирани);
– Потврда од Агенција за вработување доколку кандидатот е невработен;
– Образец М1/М2 од ПЗУ доколку кандидатот е вработен;
– Одлука од ПЗУ за упатување на кандидатот.

**ОД МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УКИМ - СКОПЈЕ**

Врз основа на член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл.весник на РМ.бр.88/010 Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје објавува:

# КОНКУРС

**За прием на кандидати на специјализација по специјалноста семејна медицина и за доедукација на здравствени работници-избрани лекари**

Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје, за 2010 година, ќе врши прием на:

– 20 кандидати за специјализација по Семејна медицина
– 30 кандидати за доедукација во центарот за Семејна медицина во Скопје
– 30 кандидати за доедукација во центарот за КМЕ во Прилеп

**Услови и критериуми за прием на специјализација по Семејна медицина:**

– Завршен медицински факултет
– Положен стручен испит
– Стекната основна лиценца

**Услови и критериуми за прием на доедукација**

– Завршен медицински факултет
– Положен стручен испит
– Стекната основна лиценца
– Работно искуство во дејноста Општа медицина или работа како избран лекар минимум 3 години
– Предност ќе имаат кандидати кои завршиле Работилница за обука на едукатори по семејна медицина или се избрани за едукатори во ПЗЗ

Доедукацијата ќе се обавува според усвоената програма. Еднодневните модули ќе се реализираат за викенди во Центрите за КМЕ во Скопје/Прилеп а практичниот дел ќе се обавува во болнички оддели во Клиничкиот Центар Скопје и утврдените амбуланти.

**Рок за пријавување:** 8 дена од објавување на конкурсот.

**Документи за пријавување:**

– диплома и уверение за завршен Медицински факултет (нотаризирани);
– Уверение за положен стручен испит и основна лиценца;
– Потврда од Завод за вработување доколку кандидатот е невработен;
– Уплатница и копија од М1/М2 образец од Здравствена установа доколку кандидатот е вработен во истата;
– Потврда за работен стаж од матичната здравствена установа.

Програмите за специјализација и доедукација може да се најдат на **www.medf.ukim.edu.mk**

**ОД МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УКИМ - СКОПЈЕ**